ИН МЕМОРИАМ

Драги слушатели,

Денешнава наша емсија наместо со радосни звуци ја започнуваме со тажни композиции, зашто денес изутрина пристигна ~~ии~~ трагичната вест: ненадејно, во својата 51-годишна возраст умре во селото Јанковец познатиот револуционер од Преспа Наум Веслиевски-Овчарот.

Ненадејно починатиот Наум Веслиевски-Овчарот е роден во село Златари на 15 декември 1921 година, во сиромашко земјоделско семејство. Веднаш по завршувањето на основното училиште во Златари работеше како момоче кај други смејства.

Уште од најрана младост се воспитуваше на идете на Партијата проучувајќи ја марксистичката литература. Во 1942 година е примен за член на КПЈ.

На 15 март 1942 година побегна од бугарска војска и замина да живее и работи во илегалство, а на 6 јули истата година кога се формира првиот Битолско-преспански партизански одред "Даме Груев" беше меѓу првите борци и стана заменик на командантот на Одредот, а подоцна и негов командант. Потоа станува командант и на баталјоните "Стив Наумов" и "Мирче Ацев", заменик командант на Третата македонска биргада, командант на Втората бригада, командант на 41-та и 50-тата дивизија.

По завршувањето на школата на Генералштабот на ЈНА за виши команден состав, беше назначен за командант на VI та дивизија на КНОЈ за Македонија, комаднат на Третата дивизија, а заземеше и други високи воени должности.

./.

На 2 август 1944 година Овчарот беше избран за вечник на АСНОМ, а во 1945 година за вечник на АВНОЈ. Истата година на 28 номеви беше избран за пратеник xx на уставотворната скупштина на националностите на ФНРЈ. Народен пратеник беше за Долна Преспа.

Поради болест во 1953 година Веслиевски беше пензиониран во чин потполковник.

x x x

Покојниот Наум Веслиевски-Овчарот е носител на повеќе воени и други одликувања. Одликуван е со          звезда од III ред, заслуги за народ I и II ред, Орден братство и единство и други одликувања.

Со смртта на Наум Веслиевски-Овчарот нашата Револуција изгуби уште еден извонредно храбар војник и војсководач. Нашата благодарност кон него и неговото дело остануваат за секогаш.

x x x

По повод ненадејната смрт на истакнатиот револуционер Наум Веслиевски Овчарот, која болно одекна кај граѓаните на Преспа,кај неговите соборци и другари од Револуцијата и повоената изградба xx во Републиката, денес во Ресен е формиран одбор за закоп xxxxx кого го сочинуваат 20 истакнати општествено-политички личности од Републиката и Општината,како и борци на првиот Битолско-преспански партизански одред "Даме Груев". Претседател на одборот е Злате Биљановски, претседател на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија а негови членови се:

./.

Крсте Соколовски, Јордан Наумовски-Калче, Славе Илиевски, Вангел Нечовски-Тунелот, Драги Тозија, Круме Димитриевски , Фана Кочова-Цветковиќ, Борко Недановски, Дорче Јанчевски, Трајан Пецалевски, Михајло Диневски, Благоја Котларовски, Зија Рецепи, ~~Михајло Диневски,~~ Крсте Секуловски, Кире Јошевски, Ване Нечовски, Димитраки Теговски, Калија Пупалевски и Вангел Пупалевски.

Погребот на починатиот револуционер ќе се изврши утре НА 29-XII-72 во 13 часот во Јанковец.

Погребан прославениот командант Наум Веслиевски-Овчарот

ИМЕТО ОВЧАРОТ БЕШЕ СВЕТЛА ЗВЕЗДА ЗА БОРЦИТЕ
А СТРАВ И ТРЕПЕТ ЗА НЕПРИЈАТЕЛОТ

Со достојни почести, онакви како што доликуваат на вистински родолуби и револуционери, во Јанковец беше погребен истакнатиот првоборец и воен командант Наум Веслиевски - Овчарот, кој ненадејно почина на 28 овој месец изутрината во 6,30 часот. На погребниот церемонијал присуствуваа голем број граѓани, работни луѓе и ученици од Ресен и преспанските села, раководителите на Општината, претставници на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија, претставници на боречки и други општествено-политички организации од поголем број градови на Републиката, соборци од прославените македонски ослободителни бригади, членовите на семејството, блиски роднини и пријатели.

Со наведнати глави, со тажни срца и солзи на очите, голем број негови соборци кои победоносно ги водеше од битка во битка, раководители на општината и други граѓани минуваа крај одарот на воениот раководител, искажувајќи му ја почитта и благодарноста за неговото големо револуционерно дело.

Тука, во Јанковец, пред куќата на неговата сестра и зет, каде што Овчарот живееше последниве 8 години,